Јавно комунално претпријати
"ВОДОВОД" п.о.
БР. 02-216/3-1
07.03 20 24 ГОД.
БИТОЛА

**2023**

# ИЗВЕШТАЈ
# за стопанското работење



ИЗГОТВУВАЧ

ЈКП ВОДОВОД БИТОЛА

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА СТОПАНСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2023 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈКП"ВОДОВОД"-БИТОЛА

ЈКП"Водовод"-Битола врши комунална стопанска дејност од посебен јавен интерес за граѓаните: собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и тоа за Општината Битола и Општините Могила и Новаци.

Претпријатието претставува самостоен субјект со целосна одговорност. Со работата раководи директор на претпријатието, именуван од градоначалникот. Управувањето му е доверено на Управниот одбор, кој се состои од 9 членови.

За пратење на материјално финансиското работење од страна на Советот е оформен Одбор за контрола на материјално-финансиското работење, кој е составен од пет надворешни члена.

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈКП "ВОДОВОД"

За извршување на основната дејност, според карактерот на работите и од аспект на раководењето, внатрешната организација е организирана по сектори и одделенија, врз основа на посебни акти; Правилник за внатрешна организација на ЈКП Водовод Битола и Правилник за систематизација на работни во ЈКП Водовод Битола.

Во ЈКП"Водовод" постојат пет сектори и тоа:

- Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за финансии, сметководство и комерција
- Сектор за технички работи и развој
- Сектор за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење
- Сектор за водоснабдителни инсталации

Просечен број на вработени, број на вработени по работни саати и број на вработени за месец декември:

| Ред.бр | Структура | 2023 | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Просечен број на вработени | 213 | 216 | 217 |
| 2 | Број на вработени по работни саати | 233 | 231 | 231 |
| 3 | Број на вработени за месец декември 2023, 2022, и 2021г | 208 | 219 | 223 |

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ВО 2023 ГОДИНА ПО СЕКТОРИ

## 1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ

Во склоп на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси за делуваат две одделенија:

- Одделение за општи правни работи
- Одделение за човечки ресурси

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси преку одделенијата ги извршуваат сите правни работи и работи поврзани со човечките ресурси во претпријатието во целина.

## 2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во склоп на Секторот за финансии, сметководство и комерција делуваат четири одделенија:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии, план и анализа
- Одделение за АОП
- Одделение за комерција

Секторите преку своите служби и оддели ги извршуваат сите сметководствени, финансиски, комерцијални и други работи за сите сектори во претпријатието во целина.

### 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2023 година преку одделението за комерција на ЈКП „Водовод"- Битола се извршуваа следните работи:

1.Читање на водомерите на индивидуалните потрошувачи и претпријатијата, со исклучок на големите потрошувачи.

2.Внесување на состојбите и изготвување на сметки и фактури, како и изготвување на опомени по неплатените сметки.

3.Носење на сметките и фактурите до потрошувачите и нивна наплата.

4.Контрола на читањето и наплатата.

5.Присилна наплата кај индивидуалните потрошувачи и малото стопанство.

6.Откривање и пријавување на диви приклучоци.

7.Склучување на договори со корисниците.

8.Спроведување на јавни набавки и магацинско работење.

Дивите приклучоци и натаму се откриваат и проследуваат преку контролата, самоиницијативно и по пријава на граѓаните или инкасантите. Понатаму се прави записник и се упатува странката која има див приклучок во правна служба и кај техничарот по приклучоци, за доколку има услови истиот да се легализира и направи договор.

Во 2023 година се продолжи со читање на водомерите со телефони и нов софтвер, со што би се отфрлиле тефтерите, а сите записи се чуваат во компјутерската база на податоци. Во текот на 2023 година продолжи да се изготвуваат сметки на главните водомери во станбените објекти.

*Магацинското работење подлежи на редовни и вонредни пописи.*

# 3. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

## 3.1. ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГИС И ПРОЕКТИРАЊЕ

Одделението за ГИС и проектирање делува во склоп на секторот за технички работи и развој.

Во врска со електронското издавање на одобренија за градба, ЈКП Водовод издава мислење за исполнување на хидротехнички услови за приклучување на објекти за кои се поднесува барање за одобрение за градба. Издадени се 130 мислења во електронскиот систем Gradezna dozvola. Рокот за издавање на условите е 5 работни дена.

Во текот на 2023 во електронскиот систем на национално ниво E-urbanizam во кој издаваме мислења, вцртувања на подземни инсталации и согласности за нови инфраструктурни урбанистички планови како и технички мислења по барање на Општина Битола и други правни субјекти, изработени се 187 документи. Рокот за издавање на мислењето во системот E-urbanizam е 10 работни дена.

Геометарот како дел од оваа служба редовно е на терен извршувајќи ги работите во склоп на одделението како и потребите за другите сектори.

Во текот на 2023 година е изработена е проектна документација за следните објекти:

1. Основен проект за Изградба на водовод СР1 и СТУ1 од ДУП за станбена единица број 4 и 2 реонски центар запад блок 1 во Битола
2. Финализирање на Основен проект за реконструкција на линиска инфраструктурна градба реконструкција на водовод на улица Стив Наумов
3. Во тек е изработка на проектна документација и за други објекти и истата ќе биде завршена во текот на 2024 година.

## 3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ВОЗЕН ПАРК

Основната задача на одделението за возен парк е да се организира работата, управувањето и одржувањето на сите моторни возила како и навремено и квалитетно опслужување на работните единици во рамките на ЈКП "Водовод" Битола.

Во текот на 2023 направени се вообичаени активности со редовни и периодични сервиси на возилата.

Сервисирањето на моторни возила се вршеше во сервисната работилница во стопанскиот двор на ЈКП Водовод Битола, а дел во овластени сервиси кои се избрани на тендер за давање на услуга за сервисирање на моторни возила. Исто така сервиссирањетоо на новите моторни возила се сервисираат во овластени сервиси согласно гарантниот рок.

| Година | ВИД НА ГОРИВО | | ВКУПНО (литри) |
|---|---|---|---|
| | БЕНЗИН (литри) | ДИЗЕЛ (литри) | |
| 2023 | 2.828 | 36.109 | 38.937 |
| 2022 | 3.951 | 36.864 | 40.823 |

Во 2023 година потрошено е вкупно 38.937 литари гориво, што се за 4% намалени во споредба со потрошеното гориво во 2022 година, кога беа потрошени

40.823 литри. По категории: намалување има кај дизел горивата што е за 2% помалку во споредба со мината година, а кај бензините има намалување од 1.123 литри, односно намалување за 28 % во споредба со минатата година.

# 4. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ , ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

## 4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ

Во текот на 2023 година објектот Филтерница заедно со пумпната станица - Довлеџик успешно ја заврши својата работа испорачувајќи ги потребните количини на чиста вода за пиење на конзумното подрачје на градот и околините селски населби.

Во 2023 година „Одделот за водоснабдителни објекти„ ги изврши следните планирани и тековни активности;

- Тековно одржување на хлоринаторската опрема и апарати.
- Тековно одржување на SCADA системот (промена на мерачи на проток и притисок, сервисирање на дренажни пумпи, одржување на ел ормари)
- Чистење на брана Сапунчица, Лак поток, Црвена и резервоар на Сапунчица
- Пуштање во функција на ударо гасителите на пс. Довлеџик
- Промена на елементите од потисниот цевковод за втора пумпа на пс. Довлеџик.

Тековни работи околу одржавање на филтерницата и објектите на водовод

Генерално, поголемиот дел од сирова вода е испорачана преку системот Драгор. Во текот на 2022 година преработени се **16.626.496** **м3** што е за 5% помалку во споредба со 2021 година кога беа преработени **17.420.535** **м3** вода и тоа:

| | **2022** м$^3$ | **2023** м$^3$ | **индекс** |
|---|---|---|---|
| **Вкупна вода:** | **16.626.496** | **16.084.550** | 97 % |
| Во ова вкупна вода влегува и превземената вода од ЈП Стрежево и тоа: | | | |
| Алим.канал ЈП"Стрежево" и Пумпна ст. "Довлеџик" | 4.163.458 | 3.381.766 | 81 % |

или од сопствени извори 77%, а од ХС "Стрежево" учеството е 23%.

Произведена чиста вода **15.478.675 м3**, а испорачана вода во мрежата кон корисниците **14.638.961 м$^3$** вода. Оваа година, како и 2022 година, испорачаната чиста вода е повисока од претходните години кога не беше инсталиран **SCADA** системот и хидроцентралата Довлеџик, ХЕП Водовод.

Прелив на чиста вода во полноводие за производството на електрична енергија од **839.714 м$^3$** вода, кое што е за 61% помалку во споредба со минатата 2022 година, каде што беа испуштени **1.364.371 м$^3$** вода.

За производство на вода потрошени се одредени количини на репроматеирјали и тоа; течен хлор **27.175** кг, што е за 2% повеќе во споредба со лани, а потрошен е хипохлорид вкупно **5.020** литри или 5% помалку во однос на минатата година.

Со воведувањето на компјутерски мониторинг, за надгледување на водоводни-от систем, кој ќе се состои од софистицирани водомери и мерни инструменти, дел од нив се активирани, а дел се во фаза на поставување на критични точки за да се прати движењето на водата и навремено да се реагира, со што осетно ќе се намалат загубите од вода.

## 4.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА САНИТАРНА КОНТРОЛА И ТРЕТАМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Оваа година во нашата лабораторија беа направени вкупно 2.492 физичко хемиски и 2.623 микробиолошки анали на сирова и преработена вода од филтерска станица и од целата дустрибутивна мрежа.

Во текот на 2023 год, покрај анализите направени во нашата интерна лабораторија, направени се уште 5 периодични анализи со испитување на пестициди, радиоктивност , тешки метали во ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. и резултатите од 5 анализи покажуваат дека водата за пиење одговара според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење ( Сл. весник бр.183/2018 год.) на Република Македонија. Оваа година направена е анализа на трихалометани во Центарот за санитарна контрола на ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје и истите не се детектирани во водата за пиење.

Во периодот од годината кога се користи вода од акумулација „Стрежево“ и кога температурата на водата е највисока, а со тоа и можноста од појава на зголемена концентрација на фито и зоопланктон е поголема, направена е и биолошка анализа на сирова и финална вода во Хидробиолошки завод од Охрид. Анализата покажа дека процентот на задржување по однос на зоопланктон е околу 97%, а по однос на фитопланктон ефикасноста на филтрите изнесува 81,75%. Овој резултат се должи на успешно спроведен процес на коагулација, како и на подобрената работа на филтерските полиња.

Од страна на Центарот за јавно здравје направени се околу 290 хемиски и микробиолошки анализи и истите се 100% исправни.

Исто така од страна на оваа установа се прават редовните санитарни прегледи на лицата што се во директен контакт со водата.

Оваа година имавме аудит и од ЈЗУ - Институт за јавно здравје на Р.С.М. за целокупната работа на филтерската станица и истата беше високо оценета. Исто така беше извршен аудит и од Агенција за храна и ветеринарство подрачна единица Битола и костантирано беше фактичката состојба на фабриката за преработка на водата е уредна.

## 5. СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ИНСТАЛАЦИИ
## 5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

Основната дејност на одделението е: одржување на градска и приградска мрежа, монтирање на нови водоводни линии, како и приклучоци во индивидуални станбени згради и индустриски објекти, одржување на доводните магистрални линии и други работи од делокругот на работата на овој оддел како што се: поставување, одржување и поправка на затварачи, хидранти, прочистување на водоводни линии во крајните делови со отворање на крајните затворачи и прочистување на истите.

Одделението во текот на извештајната **2023** година, има извршено реконструкција на дел од градската мрежа и по тој основ се монтирани (променети) водоводни линии во должина од **3,345** метри и соо вкупна сума од **30,172,951,00 д.**

Во **2023** година изведени се реконструкции или целосно нови водоводни линии, според заедничка Програма на Општина Битола и ЈКП „Водовод“ при што се заменети азбест-цементни цевки и поцинкувани цевки од различни профили со нови пластични цевки од сите видови. Во текот на 2023 година извршена е реконструкција и промена на нова водоводна градска и приградска мрежа и тоа;

## 1.ИНВЕСТИТОР – ОПШТИНА - БИТОЛА

### РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 год.

| р.бр. | Објект | должина (m) | приклучоци | сума |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ул.Зборска | 182.00 | 26 | 1,503,936.00 |
| 2 | ул.Студентска -профил 9 | 229.00 | 6 | 2,679,552.00 |
| 4 | ул.Студентска -профил 8 | 228.00 | | 1,052,137.00 |
| 4 | ул.Милтон Манаки - профил 1 | 185.00 | 30 | 1,725,275.00 |
| 5 | ул.Сотир Брбевски - профил 2 | 214.00 | 44 | 1,684,367.50 |
| 6 | ул.12 Кладенци-профил 4 | 258.00 | 20 | 2,031,372.00 |
| 7 | ул.12 Кладенци-профил 3 | 245.00 | 20 | 1,402,112.00 |
| 8 | ул.Драгорска -профил 2 | 272.00 | 25 | 2,201,981.00 |
| 9 | ул.Драгорска -профил 1а | 154.00 | 27 | 5,216,039.00 |
| 10 | ул.Драгорска -профил 1б | 158.00 | | |
| 11 | Г.Оризари | | 60 | 300,836.00 |
| 12 | Стрчин - профил 6 | 335.00 | 3 | 1,300,377.00 |
| 13 | Стрчин - профил 7 | 291.00 | 4 | 2,270,963.00 |
| 14 | 15-ти корпус - профил 5 | 322.00 | 21 | 2,674,028.00 |
| 15 | д.Оризари | | 95 | 2,125,959.00 |
| 16 | ул.Милтон Манаки-чикмак-профил 10 | 75.00 | 9 | 446,684,00 |
| 17 | ул.Сотир Брбевски-чикмак-профил 11 | 84.00 | 13 | 529,327,00 |
| 18 | ул.12 Кладенци-чикмак-профил 12 | 38.00 | 10 | 353,538,00 |
| 19 | Недопирливи-накнадни работи | | 7 | 418,078.00 |
| 20 | ул.Мукос од бр.200 до 210 | 75.00 | 13 | 256,389,00 |
| | **ВКУПНО** | **3,345.00** | **433** | **30,172,951,00** |

## 5.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ПОПРАВКА НА ДЕФЕКТИ

**Одделението за откривање и поправка на дефекти** во текот на 2023 година имаше активна улога во работата на ЈКП Водовод Битола во рамките на делокругот на своето овлстување. Со континуираното работење околу подобрување на функционалноста на SCADA системот, во текот на 2023 година имаме стабилни податоци од секое мерно место и со исклучок на мерно место Партизанска каде во месец Ноември се расипува Протокомерот(SIEMENS FUS1020) за кој е потребно да се направи сервис или да се замени со нов. Одделението зеде активна улога за подобрување на тендерска документација за одржување на SCADA исто така и беше активно вклучена во изготвувањето на тендерска документација за воведување на тендер за резервна опрема за SCADA системот со кој што ќе имаме

постојана покриеност на сите елементи од SCADA системот во случај на дефект на било кој дел од комплексниот систем. Во текот на 2023 година ставени е во комплетна функција мерно место Булевар со опремата која е монтирана во мерно место Булевар од производителот SCHNEIDER овозможен е мониторинг на следните параметри: 1.Мерење и мониторинг на проток. 2. Мерење и мониторинг на акумулативен проток. 3. Мерење и мониторинг на притисок. 4. Правена е редовна контрола на мерната станица и за истата се добиваат стабилни вредности и нема никакви проблеми. Од страна на одделението е правена редовна месечна контрола на СКАДА системот при која се проверува функционалноста сите уреди од секоја мерна станица како што се: ПЛЦ контролер, рутер, сензори, дренажни пумпи, осигурувачи,релиња, вентилатори, греачи итн. За секоја месечна контрола е напишан извештај во кој е документирана состојбата на секоја мерна станица и проблеми за истата. Во текот на 2023 година направени се следните интервенции на СКАДА системот: 1. Промена на сонди за притисок за мерни станици: “Мусинци”, “Висока средна” 2. Промена на рутери во мерни места Габалавци и Секирани.

Одделението е активно вклучено ве текот на целата година за пополнување на прашалници од наразлични институции и организации кои што се од водоводната сфера, а во кои ЈКП Водовод Битола активно учествува а тоа се: IBNET, ЕВС. Одделението за откривање и поравка на дефекти ќе продолжи во наредната 2024 година да работи според план и задачи кои што ќе бидат во потполна функционалност за остварување на целите и плановите на ЈКП Водовод Битола

## 5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА

Одделението водомерна работилница делува во склоп на Секторот “Водоводни објекти и инсталации”, а основна дејност е сервисирање и баждарење на сите мерни инструменти (водомери), од целокупната водоводна мрежа.

Покрај основните работни задачи, во текот на годината се правеше континуирана припрема на опремата која подлежи на калибрација и годишна верификација од страна на Бирото за метрологија. Тоа подразбира редовно одржување и сервис на целокупната апаратура за баждарење на водомери.

Во текот на 2023 год. од водовоната мрежа се извадени 976 водомери, од кои 929 со профил 1/2" и 3/4", а остатокот: 47 водомери со профил 1" до Ф200 mm. Воедно е направена и промена на 11 стар тип на водомери – италиански, микрон (кои nеможат да се баждарат), а по овој основ е остварен финансиски приход од 12.200,00 ден.

Оваа година е извршено баждарење на 379 водомери за трети лица (водомери доставени од CmC). Вредно е да се напомене дека истовремено е извршено баждарење на сите водомери кои се извадени од водоводната мрежа со која стопанисува претпријатието.

Од службата за наплатната (инкасанти) во текот на 2023 година се добиени 1.043 известување, истовремено се изготвени 762 налози за работа од јавувања на странки. Мора да се напомене дека во 2023 год. вадењето на водомери се вршеше со два извршители, придружувани од два општи работници.

# ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

ЈКП "Водовод" тековната **2023** година, ја заврши со негативен финансиски резултат, односно бруто загуба од **22.080.539,00** денари.

Билансот на успех за **2023** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **275.199.351,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **297.279.890,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **22.080.539,00** ден.

Вкупно остварениот приход изнесува **275.199.351,00** денари и е зголемен за 8% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%. Приходите од продажба изнесуваа 243.618.180,00 денари, кои се за 10% зголемени во споредба со минатата година, а планот е реализиран 96%. Зголемување од 39% во споредба со минатата година има кај деловните приходи во висина од 21.789.000,00 денари.

Вкупно остварениот расход изнесува **297.279.890,00** денари и е за 8% зголемен во споредба со вкупниот расход од минатата година. Материјалните трошоци бележат намалување од 5% во споредба со минатата година, а нематеријалните трошоци бележат зголемување за 14% во споредба со минатата година.

Прикажаната загуба се однесува на зголемувањето на бруто платите за 18% во споредба со минатата 2022 година, односно бруто платите за 2023 година изнесуваа 134.929.917,00 денари, а за 2022 година 113.894.042,00 денари, односно добиена е разлика од 21.034.875 денари кои не беа планирани за 2023 година. Исто така прикажаната загуба се однесува и на зголемените трошоци за потрошен материјал за 16% во споредба со минатата 2022 година поради високата инфлација во државата.

Остварената вкупна реализација во физички обем од вода за 2023 година изнесува **5.813.897 м$^3$**, што е намалување од 3%, од кои домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 74%, а правните лица со 26%. Вкупниот финансов обем од реализација на вода изнесува **213.673.523,00** денари од кои домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 62%, а правните лица со 38%.

**Амортизацијата** на основните средства е извршена со примена на пропишаните стапки согласно номенклатурата за амортизација и истата изнесуваше **29.576.248,00** денари, што е за 4% намалена во споредба со минатата година.

Вкалкулираните **бруто плати** изнесуваа **134.929.917,00** денари, што е зголемување за 18% во споредба со минатата година, **нето** платите изнесуваа **89.755.965,00** денари и истите се исплатени согласно законот за плати.

Број на вработени според состојбата на крајот на месецот декември 2023 изнесуваше **208** вработени што е 5% намален во споредба со 2022 година кога изнесуваше 219 вработени. Просечниот број на вработени за 2023 година изнесуваше 213 вработени.

Резултатите од работењето ќе ги согледаме од следниот табеларен преглед:

# I ПРИХОДИ

## 1. ДИНАМИКА

### на деловниот резултат за 2023 година

Во 000 ден

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2022 | План 2023 | Остварено 2023 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **Вкупен приход** | **254,319** | **285,840** | **275,199** | **108%** | **96%** |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 222,419 | 252,837 | 243,618 | 110% | 96% |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 9,698 | 9,698 | 9,698 | 100% | 100% |
| | Приходи од сопствено учество | 6,581 | 2,000 | 94 | 1% | 5% |
| | Останати деловни приходи | 15,621 | 21,305 | 21,789 | 139% | 102% |
| 2 | **Вкупни расходи** | **275,852** | **281,370** | **297,280** | **108%** | **106%** |
| | Материјални трошоци со амортизација | 119,724 | 128,110 | 114,213 | 95% | 89% |
| | Нематеријални трошоци | 42,234 | 43,260 | 48,137 | 114% | 111% |
| | Бруто плати | 113,894 | 110,000 | 134,930 | 118% | 123% |
| 3 | **Вкупно добивка (загуба)** | **-21,533** | **4,470** | **-22,081** | | **103%** |
| 4 | **Пресметан данок од добивка** | | **1,500** | | | 0% |
| 5 | **Нето добивка (загуба)** | | **2,970** | | | 0% |

Графички приказ на остварениот приход, расход и добивка за период 01.01. 31.12. 2023 година во 000 ден.




графикон 1

-Од прикажаниот преглед може да се заклучи :

Остварениот вкупен **приход** во текот на 2023 година изнесува **275.199.351,00** денари, што е намален за 8% во однос на минатата година, а планот е реализиран со 96% .

Вкупните **расходи** изнесуваа **297.279.890,00** денари што се зголемени за 8% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 106%.

Во текот на 2023 година беа реализирани приходи од извршени услуги во поврзани субјекти. Овие приходи се реализирани од **ХЕП „Водовод“** преку закупнина и консалтинг услуги. Остварениот приход изнесуваше **9.698.408,00** денари, што е еднаков во споредба со минатата година а планот е реализира со 100%.

Според структурата динамиката на вкупниот **приход** е следна :

**I Вкупни приходи;**

## 2. Д И Н А М И К А
## на приходите во 2023 година

**во денари**

| Конто | ВИД НА ПРИХОД | ОСТВАРЕНО 2022 | ПЛАН 2023 | ОСТВАРЕНО 2023 | ИНД.5/3 | ИНД.5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 730 | ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 9,698,408 | 9,698,408 | 9,698,408 | 100 | 100 |
| 740 | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 222,418,609 | 252,837,000 | 243,618,180 | 110 | 96 |
| 745 | ПРИХОДИ ОД ОСНОВ НА УПОТРЕБА НА СОП ПРОИЗВОДСТВО | 6,581,426 | 2,000,000 | 94,306 | 1 | 5 |
| 764 | ДРУГИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ | 14,976 | 205,000 | 1,840,268 | 12288 | 898 |
| 765 | ПРИХОД ОД НАПЛАТЕНИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ | 2,979,499 | 3,500,000 | 3,018,934 | 101 | 86 |
| 767 | ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ, СУБВЕНЦИИ | 975,454 | 1,500,000 | 938,464 | 96 | 63 |
| 769 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ (АДВ, СУД, ИЗВРШ, МАНИПУЛ) | 11,129,482 | 15,000,000 | 12,313,196 | 111 | 82 |
| 774 | ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 521,461 | 1,100,000 | 3,677,595 | 705 | 334 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **254,319,315** | **285,840,408** | **275,199,351** | **108** | **96** |

Од компаративниот преглед за движењето на приходите во **2023** година може да се забележи следната динамика;

- Приходите од продажба кои се во висина од **243,618,180,00** денари и се за 10% зголемени во споредба со минатата година, кои учествуваат со 89% од вкупните приходи за 2023 година
- Зголемување има и кај другите приходи од финансирање кои изнесуваат 1.840.268,00 денари.
- Останатите приходи од адвокатски, судски, извршни трошоци, фактурирани штети кои се во висина од 12.313.196,00 денари и се за 11% зголемени во споредба со минатата година. Приходите од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски кои се во висина од 3.018.934,00 денари и се за 1% зголемени во споредба со минатата година.
- *Приходите од камати се зголемени за 605% во споредба со минатата година* и изнесуваат 3.677.595,00 денари

**Цената** на водата со која е формиран вкупниот приход од 01.01. 2022 година е формирана по цени согласно Решението доставено од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. **УП1 бр. 08-102/20 од 23.07. 2020 год**. до ЈКП „Водовод“ – Битола, за утврдување на тарифа за вода за пиење за регулиран период 2021- 2023 година, Одлука за измена и дополнување на Одлуката **бр.02-648/1 од 05.08.2020 година** за утврдување на тарифи за вода во ЈКП Водовод Битола за регулиран период од 2021-2023 година од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола и Решението за давање на согласност од Советот на Општина Битола со **бр. 02-648/1 од 05.08. 2020 година** и тоа по категорија на потрошувачи изнесуваше:

| Ред. бр | Категорија на потрошувачи | Цена ден |
|---|---|---|
| | Домаќинства | 30,95 |
| | Правни лица | 51,66 |

Според структурата приходите од продажба на производи и услуги ја бележеа следната динамика:

## 3. Д И Н А М И К А
### на фактурирана реализација по Сектори и одделенија за 2023 година

во 000 денари

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2022 | ПЛАН 2023 | Остварено 2023 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **Сектор за Водоснабдителни инсталации** | **221,023** | **251,537** | **242,101** | **110%** | **96%** |
| * | Реализација од вода | 213,384 | 233,287 | 213,830 | 100% | 92% |
| * | Одделение за Водоводна мрежа и приклучоци | 7,053 | 17,500 | 27,011 | 383% | 154% |
| * | Одделение Возен парк | 56 | 750 | 530 | 946% | 71% |
| * | Одделение Водомерна работилница | 530 | 750 | 730 | 138% | 97% |
| 2 | **Сектор за финасии сметководство и комерција** | **1,396** | **1,300** | **1,517** | **109%** | **117%** |
| * | Одделение за сметководство | 1,396 | 1,300 | 1,517 | 109% | 117% |
| 3 | **Вкупно 1+2** | **222,419** | **252,837** | **243,618** | **110%** | **96%** |

Од табеларниот преглед за динамиката на фактурираната реализација по сектори и одделенија може да се согледа следното:

**1.1. Сектор за „Водоснабдителни објекти и инсталации"** оствари фактурирана реализација во висина од **242.101.000,00** денари што е за 10% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%.

Според структурата на фактурираната реализација се бележи следната динамика:

**Реализацијата од вода** изнесува **213.829.906,00** денари и бележи иста стапка во однос на минатата година, а планот е реализиран со 92%.

а) **Одделението за „Водоводна мрежа и приклучоци"** оствари реализација од **27.011.329,00** денари што е за 283% повеќе во однос на минатата година, а планот е реализиран со 154%.

б) **Одделението „Возен парк"** оствари реализација од **530.449,00** денари што е за 846% повеќе во однос на минатата година, а планот е реализиран со 71%.

**в)** **Одделението за „Водомерна работилница"** оствари реализација во висина од 730.455,00 денари која е зголемена за 38% во споредба со минатата година. Во однос на планот истата е реализирана со 97%.

**2.1. Сектор за „Финансии, сметководство и комерција "** оствари реализација во висина од **1.517.000,00** денари што е за 9% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 117%.

**1+2 Вкупната фактурирана реализација по сектори** изнесува **243.618.000,00** денари, што е за 10% зголемена во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 96%.

## 4. ДИНАМИКА

на реализација од вода по категории на потрошувачи во физички обем

во М3

| ред.бр | Категорија на потрошувачи | Остварено 2022 | ПЛАН 2023 | Остварено 2023 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 5 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 4,399,585 | 4,700,000 | 4,325,135 | 98% | 92% |
| 2 | Правни лица | 1,584,711 | 1,700,000 | 1,488,762 | 94% | 88% |
| | **Вкупно** | 5,984,296 | 6,400,000 | 5,813,897 | 97% | 91% |

Графички приказ на остварениот физички обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2023 година во м3 ден.




графикон 2

Од компаративниот преглед на динамиката на остварената реализација во физички обем, може да се согледа дека во текот на 2023 година се реализирани **5.813.897 м³** што се за 3% намалени во споредба со минатата година. Планираниот физички обем е реализиран со 91% .

Според структурата ја бележиме следната динамика :

- кај домакинствата реализираниот физички обем е намален за 2% во споредба со минатата година. Планираниот обем е реализиран со 92%.
- кај правните лица реализираниот физички обем е намален за 6% во споредба со мината година, а планот е реализиран со 88%.

Домаќинствата во физичкиот обем на реализација на вода учествуваат со 74%, а правните лица со 26%.

## 5. ДИНАМИКА

на остварениот финансов обем на реализација од вода за 2023 година

Во 000 ден.

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | Остварено 2022 | ПЛАН 2023 | Остварено 2023 | Инд. 5/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Домаќинства | 132,949 | 145,465 | 136,406 | 103% | 94% |
| 2 | Правни лица | 80,435 | 87,822 | 77,424 | 96% | 88% |
| | **Вкупно** | 213,384 | 233,287 | 213,830 | 100% | 92% |

Графички приказ на остварениот финансов обем на реализација од вода за период 01.01.- 31.12. 2023 година во 000 ден.




*графикон 3*

Од прикажаниот компаративен преглед за динамиката за остварениот финансов обем на реализација од вода за 2023 година, може да се согледа следното:

**Вкупниот финансов обем** од реализација на вода изнесува **213.829.906,00** денари што е со еднакво во споредба со лани, а планот е реализиран со 92%.

- Кај **домаќинствата** имаме реализација на финансовиот обем на вода во висина од **136.405.968,00** денари и бележи зголемување за 3% во споредба со лани, а планот со 94%.

- Кај **правните лица** имаме реализација на финансовиот обем на вода од **77.423.938,00** денари и бележи намалување за 4% во споредба со лани, а планот е реализиран со 88%.

Домаќинствата во финансовиот обем на реализација од вода учествуваат со 64%, а правните лица со 36%.

## II РАСХОДИ

### 5. ДИНАМИКА
на расходите во 2023 год.

| Конто | Назив | ОСТВАРЕНО 2022 | ПЛАНИРАНО 2023 | ОСТВАРЕНО 2023 | ИНД. 5/3 | ИНД. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 33,866,043 | 35,000,000 | 39,240,050 | 116% | 112% |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 2,562,208 | 4,500,000 | 3,574,206 | 139% | 79% |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 38,004,382 | 35,000,000 | 25,781,322 | 68% | 74% |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 925,766 | 3,500,000 | 2,501,486 | 270% | 71% |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 2,025,112 | 1,750,000 | 1,805,447 | 89% | 103% |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 5,932,304 | 6,500,000 | 5,064,458 | 85% | 78% |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 1,061,045 | 1,060,000 | 643,340 | 61% | 61% |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,125,331 | 1,100,000 | 1,303,148 | 116% | 118% |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 10,800 | 200,000 | | | |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 3,385,345 | 9,500,000 | 4,722,730 | | |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 10,820,750 | 12,500,000 | 10,846,143 | 100% | 87% |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 120,672 | 400,000 | 122,282 | 101% | 31% |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ | 196,746 | 550,000 | 479,724 | 244% | 87% |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 866,688 | 870,000 | 794,464 | 92% | 91% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,100,465 | 3,500,000 | 2,102,856 | 100% | 60% |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 248,842 | 600,000 | 316,151 | 127% | 53% |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 10,282,284 | 6,700,000 | 15,061,283 | 146% | 225% |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 719,309 | 420,000 | 780,977 | 109% | 186% |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 514,021 | 870,000 | 561,391 | 109% | 65% |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 1,219,594 | 4,300,000 | 937,068 | 77% | 22% |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 7,641,496 | 6,500,000 | 7,675,484 | 100% | 118% |
| 460 | ЗАГУБИ ОД РАСХОДУВАЊЕ И ПРО. | 28,088 | 50,000 | 46,823 | 167% | 94% |
| 464 | КУСОЦИ,КАЛО, РАСТУР,РАСИПУВАЊЕ И КРШЕЊЕ | | | 248 | | |
| 468 | КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ | 46,518 | | 240,443 | 517% | |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 5,287,973 | 3,500,000 | 5,451,487 | 103% | 156% |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 2,140,596 | 2,500,000 | 2,705,392 | 126% | 108% |
| 475 | РАСХОДИ БРЗ ОСНОВА НА НЕГАТИНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | | | 15,322 | | |
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **88,898,336** | **98,110,000** | **84,636,187** | **95%** | **86%** |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **42,234,042** | **43,260,000** | **48,137,538** | **114%** | **111%** |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **131,132,378** | **141,370,000** | **132,773,725** | **101%** | **94%** |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 30,825,725 | 30,000,000 | 29,576,248.00 | 96% | 99% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **161,958,103** | **171,370,000** | **162,349,973** | **100%** | **95%** |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 113,894,042 | 110,000,000 | 134,929,917 | 118% | 123% |
| **490** | **РАСПОРЕД НА ТРОШОЦИТЕ** | **275,852,145** | **281,370,000** | **297,279,890** | **108%** | **106%** |

Графички приказ на материјални, нематерјалните трошоци и вкалкулираните плати за период 01.01.-31.12. 2023 година во 000 ден.




графикон 4

**II Вкупни расходи;**

1.2. **Вкупните расходи** изнесуваат **297.279.890,00** денари и се зголемени за 8% во споредба со минатата година, а од планот е реализиран со 106%.

а) Според структурата, деловните расходи ја бележат следната динамика:

- **материјалните трошоци** изнесуваат **84.636.187,00** денари и се намалени за 5% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 86%..
- **нематеријални трошоци** кои изнесуваат **48.137.538,00** денари и се зголемени за 14% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 111%.
- **вкупните материјални и нематеријални трошоци со амортизацијата** кои изнесуваат **163.349.973,00** и се еднакви во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 95%.

2. **Амортизацијата** изнесува **29.576.248,00** и е намалена за 4% во споредба со истиот период од минатата година, а планот е реализиран со 99%.

3. **Вкалкулираните плати** изнесуваат **134.929.917,00** денари и се зголемени за 18% во споредба со минатата година, а планот е реализиран со 123%.

## 6. Д И Н А М И К А
### на материјалните трошоци за 2023 - аналитика

| Конто | Назив | ОСТВАРЕНО 2022 | ОСТВАРЕНО 2023 | ИНДЕКС 4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40000 | ПОТРОШЕНА СИРОВА ВОДА | 22,399,402 | 20,470,619 | 91% |
| 40001 | ПОТРОШЕНИ ХЕМ. И ДР. МАТ. | 1,406,317 | 3,191,798 | 227% |
| 40040 | ПОТРОШЕНО РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 9,329,587 | 14,796,777 | 159% |
| 40041 | ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-ВОЗЕН ПАРК | 730,736 | 780,856 | 107% |
| 40100 | ПОТРОШЕНО КАНЦАЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ | 917,983 | 880,300 | 96% |
| 40110 | ПОТРОШЕНО ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ | 1,644,225 | 2,693,906 | 164% |
| 40200 | ПОТРОШЕНО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 34,630,533 | 20,958,223 | 61% |
| 40284 | ПОТРОШЕН МАЗУТ | 499,398 | 1,689,545 | 338% |
| 40285 | ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА | 2,847,872 | 3,077,814 | 108% |
| 40286 | ПОТРОШЕНО МОТОРНИ МАСЛА АНТИФРИЗ И ДР. | 26,579 | 55,740 | 210% |
| 40700 | СИТЕН ИНВЕНТАР-ОТПИС | 925,766 | 2,501,486 | 270% |
| 41100 | ТРОШОЦИ ЗА ПТТ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА | 897,116 | 906,207 | 101% |
| 41110 | ТРОШОЦИ ЗА ПИСМОНОСНИ УСЛУГИ | 117,142 | 122,115 | 104% |
| 41120 | ПРОВИЗИЈА ЗА НАПЛАТА НА СМЕТКИ 5% | 891,464 | 689,274 | 77% |
| 41130 | ДРУГИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ | 119,390 | 87,851 | 74% |
| 41300 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ | 2,875,422 | 2,055,732 | 71% |
| 41310 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗЕН ПАРК | 846,618 | 927,348 | 110% |
| 41320 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ДР. СРЕДСТВА | 2,210,264 | 2,081,378 | 94% |
| 41400 | ЗАКУПНИНА НА ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ | 1,061,045 | 643,340 | 61% |
| 41541 | ТРОШОЦИ ЗА ЃУБРЕ | 349,910 | 383,148 | 109% |
| 41549 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 43,814 | 15,869 | 36% |
| 41560 | УСЛУГА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТАРИНА | 19,870 | 32,235 | 162% |
| 41595 | ДРУГИ УСЛУГИ | 711,737 | 871,896 | 123% |
| 41700 | ТРОШОЦИ ЗА ПРОПАГАНДИ И РЕКЛАМИ | 10,800 | | |
| 41900 | ТРОСОЦИ ЗА ИСТАК. НА ФИРМИ И РЕГИСТР. НА ВОЗИЛА | 233,102 | 262,002 | 112% |
| 41940 | УСЛУГИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ, АТЕСТИРАЊЕ НА ДОБРА И УСЛУГИ | 629,720 | 686,176 | 109% |
| 41950 | ТРОШОЦИ ЗА ТЕНДЕРИ | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 175,303 | 159,304 | 91% |
| 41990 | УСЛИГИ ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | 2,347,220 | 3,615,248 | 154% |
| 42200 | ОТПРЕМНИНА | 1,119,694 | 860,183 | 77% |
| 42220 | ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ | 688,676 | 356,074 | 52% |
| 42230 | РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР | 7,369,658 | 4,866,618 | 66% |
| 42240 | ПОМОШТИ | 718,370 | 1,189,920 | 166% |
| 42250 | НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК | 924,352 | 3,500,000 | 379% |
| 44000 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО ЗЕМАТА | 96,381 | 73,348 | 76% |
| 44001 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО | 24,291 | 122,282 | 503% |
| 44150 | ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ | 102,070 | 97,700 | 96% |
| 44160 | УСЛУГИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И СЕМИНАРИ | 61,889 | 310,011 | 501% |
| 44161 | УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНИ ПОТРЕБИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЈЕ | 32,787 | 63,763 | 194% |
| 44162 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ | | 8,250 | |
| 44299 | ТРОШОЦИ ЗА УО И НО | 866,688 | 794,464 | 92% |
| 44320 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ | 1,803,813 | 1,842,419 | 102% |
| 44330 | СПОНЗОРСТВА И ПОМОШТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 296,652 | 260,437 | 88% |
| 44401 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 248,842 | 316,151 | 127% |
| 44500 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 10,282,284 | 15,061,283 | 146% |
| 44600 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ | 715,017 | 776,685 | 109% |
| 44610 | НАДОМЕСТ НА БАНКАРСКИ УСЛУГИ ЗА KWB | 4,292 | 4,292 | 100% |
| 44700 | ДАНОК НА НЕДВИЖНОСТИ | 135,677 | 135,677 | 100% |
| 44720 | БЕНИФИЦИРАН СТАЖ | | 250 | |
| 44730 | ЧЛЕНАРИНА НА ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА | 274,349 | 245,189 | 89% |
| 44790 | ТРОШОЦИ ЗА СУДСКИ ИЗДАТОЦИ | 51,084 | 72,745 | 142% |
| 44791 | АДМИНИСТРАТ ТАКСИ И ИЗДАТОЦИ | 52,911 | 107,530 | 203% |
| 44904 | УСЛУГИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ВРЕДНОСТ НА ДРУШТВОТО | 1,111 | 61,850 | 5567% |
| 44940 | ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА | 295,000 | 123,700 | 42% |
| 44940 | ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНАРИНА ЗА ЛИЦЕНЦИ | | 38,100 | |
| 44950 | ТРОШОЦИ ЗА АДВОКАТСКИ УСЛУГИ | 832,069 | 680,507 | 82% |
| 44951 | ИЗВРШНИ ТРОШОЦИ | 91,414 | 32,911 | 36% |
| 45500 | ОТПИС ИСПРАВКА НА НА НЕНАПЛАТЕНИТЕ ПОБАРУВАЊА | 7,635,591 | 7,675,484 | 100% |
| 45510 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 5,905 | | |
| 45560 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 5,905 | | |
| 46000 | РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 46420 | КУСОЦИ НА РЕЗЕРВНИТЕ ДЕЛОВИ | 28,088 | 46,823 | 167% |
| 46800 | КАЗНИ ПЕНАЛИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ | | 248 | |
| 46831 | НАДОМЕСТОК НА ШТЕТИ КОН ТРЕТИ ЛИЦА | | 240,443 | |
| 46900 | ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ | 46,518 | | |
| 46990 | РАСХОДИ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | 5,157,785 | 5,360,713 | 104% |
| 47400 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВСКИ ЗА ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 130,188 | 90,774 | 70% |
| 47401 | КАМАТИ ОД КРЕДИТИ ОД KFW БАНКА | 167,636 | 71,920 | 43% |
| 47410 | КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА | 1,856,798 | 1,752,188 | 94% |
| 47410 | НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 116,162 | 881,284 | 759% |
| | | | 15,322 | |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци** | **88,898,335** | **84,636,187** | 95% |
| | **ВКУПНО Нематеријални Трошоци** | **42,239,947** | **48,137,538** | **114%** |
| 43000 | АМОРТИЗАЦИЈА ПО МИНИМАЛНИ СТАПКИ | 30,825,725 | 29,576,248 | 96% |
| | **ВКУПНО Материјални Трошоци со амортизација** | **119,724,060** | **114,212,435** | **95%** |
| 42000 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 113,894,042 | 134,929,917 | 118% |
| | **ВКУПННО РАСХОДИ** | **275,858,049** | **297,279,890** | **108%** |

## III ВКУПНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)

Билансот на успех за **2023** година е следен:

- Вкупно остварениот приход изнесува **275.199.351,00** ден.
- Вкупните расходи изнесуваат **297.279.890,00** ден.
- Бруто загубата изнесува **22.080.539,00** ден.

Негативното финансиско работење со бруто загубата од **22.080.539,00** денари не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа не се овозможи реализација на зацртаната програма и планот за работа за **2023** година.

Март 2024;

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ
ПЛАН И АНАЛИЗА

**ЈКП "ВОДОВОД" БИТОЛА**